Александар СТОЈАНОВСКИ

# ЗА НЕКОЛКУ ТОПОНИМИ ОД ГРАМОТИТЕ НА СВЕТИ ГЕОРГИ – ГОРГ

Трите познати владетелски грамоти (хрисовули) на скопскиот манастир Свети Георги – Горгос XIII и XIV век изобилуваат со топономастички материјал што не можел да остане вон интересот на специјалистите. Досега најисцрпно и најтемелно истражување на тој материјал има презентирано Красимира Илиевска, во својот магистерски труд под наслов: „*Топонимите во Македонија во XIII и XIV век според хрисовулите на Горг̄ Скопски*" (Скопје, 1974). Целта на овој прилог е да направи обид за извесно дорасветлување на неколку од тие топоними, врз основа на турските пишани извори од XV и XVI век.

1. К л е т о в н и к. — Како топоним се јавува на две места во Милутиновата грамота. Првин во контекстот: „Нивата од патот што оди преку *Клетовник*, а долу до патот што води во Каменик и Пшинин ", а потоа: „Од обете страни на *Клетовник* нивата од вадата до Маврej, до венецот на ритчето и до Братун. На истото место нива до Кукле и до Свети Димитрија од големиот пат што води кон Чрешево."[1]

Владимир Мошин претпоставува дека овој комплекс се наоѓал „во пределот источно од градските ѕидини, спрема ритчињата (Клетовник?) на патот кон селото Чрешево".[2] Красимира Илиевска, пак, се задоволува со констатацијата дека местото би требало да се бара во околината на Скопје и дека името му е изведено од старословенското *клет* – трло, што ќе рече место каде што има трла.[3]

Во зборникот *„Турски"*, познатиот турколог Глиша Елезовиќ го објави, меѓу другите документи, и вакафнамето (завештанието) на управникот на Скопје Иса-бег, од 10.8.1469 година, во кое е запишано и ова: „И пак... вон Скопје, на брдото *Хацет Тепе*, ги завешта своите празни земјишта и земјиштата за лозја... Овие земјишта се оградени: од трите страни со јавниот пат, а од едната страна со маалото познато под името *Кјелтунк*". Преведувачот очигледно имал тешкотии околу читањето на името на маалото, што и не е за чудење, со оглед дека е во прашање арабица. Еве што за тоа вели Г. Елезовиќ во својата забелешка под текстот: „Ова име на скопското маало турски е напишано G(K)-l-tun-k, што би можело да се прочита Келтунк или Гултунк, па тешко е да се погоди како (воопшто – б.м.) и било вистинското

[1] Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија, том I, Скопје, 1975, 144-145 и 217-218.

[2] Истото, 144.

[3] К. Илиевска, цит. дело, 89

име“.[4] Меѓутоа, истото тоа маало е присутно и во неколку пописи од XV и XVI век. Така, во објавениот попис од 1467/68 година, меѓу скопските христијански маала било регистрирано едно чиешто име е прочитано како *Клетвеник*, со 12 семејства и 2 вдовици.[5] Истото маало е регистрирано и во необјавениот попис од 1544/45 година: „Маало *Клетовник*, од вакафите на покојниот Иса бег“, со вкупно 11 христијански семејства.[6] Најпосле, и во објавениот попис од 1568/69 година го наоѓаме ова христијанско маало, прочитано како *Кленовник,* сѐ уште во вакафот на покојниот Иса-бег, со 9 семејства и 2 неженети (или самци).[7]

По сето ова, останува да се цитира добриот познавач на старо Скопје Јован Хаџи-Васиљевиќ, чија извонредна информација, за чудо, останала досега неискористена. Еве што пишува: „*Стари гробишта на Гази Баба* - Среде муслиманските гробишта, на целиот овој издолжен вис, на местото *Клетвеник*, околу кое сега, секаде наоколу се муслиманските гробишта, се укажува на стари христијански гробишта. Во Скопје кажуваат дека на стариве, христијаните биле закопувани сѐ до почетокот на XIX в., па и малку потоа“. И веднаш продолжува: „Малку посеверно од местото *Клетвеник*, на самиот вис – тепето Гази Баба, се наоѓаат траги од други христијански гробишта. Тука и муслиманите и христијаните сакаат да го посочат *Краличиниот гроб.* “[8]

Навистина, не останува простор за сомневање во тоа дека Клетовник бил месност, а најдоцна од шеесеттите години на XV век и едно од скопските христијански маала,[9] како и тоа дека Клетовник се наоѓал во реонот на југоисточните падини на Гази Баба. Се чини неуверлива претпоставката на В. Мошин дека под Клетовник треба да се разберат ритчиња на патот кон селото Чрешево.[10] Тоа дотолку повеќе што на овде приведениот втор цитат од грамотата, даден според верзијата на В. Мошин, може да му се забележи извесна непрецизност. Всушност, цитираниот став од грамотата гласи: „И од обете страни на Клетовник нивата: од вадата уз патот до Мавреј, до венецот на *брдото* (к.м.) и до Братун.“ Сега, кога се знае местоположбата на Клетовник, дефинитивно се решава и прашањето за местоположбата на Хаџет Тепе, кое бездруго треба да се идентификува со тепето Гази Баба, односно со „венецот на брдото“.

Се поставува прашањето: дали овие нови сознанија не откриваат дополнителни можности за решавање на дилемата каде се наоѓал манастирот Св. Георги – Горг. Бидејќи се смета дека до решението најмногу се доближил Константин Петров, кој заклучува дека аргументите што тој ги дава „недво-

---

[4] Глиша Елезовић, Турски споменици, књ. I, св.1, 1348-1520, Београд, 1940, 114-115.

[5] Турски документи за историјата на македонскиот народ,. Опширен пописен дефтер No 4, Скопје, 1971, 422.

[6] Istanbul, Bašbakanlik Aršivi, Tapu defteri No 232, fot. br. 12.

[7] Турски документи..., VI/1, Скопје, 1984, 58.

[8] Јов. Хаџи - Васиљевић, ...

[9] Во пописот од 1452/53 година, меѓу скопските маала го нема Клетовник (Турски документи..., том III, Скопје, 1976,158-166). Но тоа сеуште не значи дека просторот на идното маало тогаш бил ненаселен.

[10] Споменици..., I, 144.

смислено укажуваат на основаноста на претпоставката дека Св. Георги Горгос се наоѓал на ридот кај денешната Султан Мурат џамија".[11] Мора да се каже дека неговите аргументи стојат на стаклени нозе. Од изнесеното, за единствен аргумент може да се смета близината на ридот врз кој е изградена Султан Мурат џамијата, „бидејќи е спроти скопскиот град Кале, оддалечен од него околу 570 метри, и е над Серава, оддалечен од неа помалку од 80 метри".[12] Покрај другите, би се рекло навистина неодржливи претпоставки за локалитетот на којшто се наоѓал манастирот, овој автор ја отфрла и најстарата, а воедно со тоа, веројатно, и најсериозната претпоставка, искажана од Стојан Новаковиќ на следниот начин: „С. Новаковиќ сосема накратко и без категорична сигурност дава две претпоставки за местонаоѓањето: прво, просторот околу турбето на Гази Баба и, второ, просторот на денешната Гази Иса-беговата џамија. Првата претпоставка е неприфатлива затоа што Гази Баба е оддалечена околу 850 метри од Серава, над која според грамотите се наоѓал манастирот Св. Георги Горгос. Понатаму, оваа претпоставка не може да се прифати затоа што на Гази Баба биле турски гробишта, чие место веројатно не е одбрано (да лежи – б.м.) врз еден христијански храм, а и затоа што во текот на отворањето нови гробишта веројатно би се покажале траги од градби, а такви нема..."[13]

Прво, не е јасно дали воопшто може да се има категорична сигурност кога се даваат само претпоставки?! Но, да минеме на посуштественото. Без оглед што формулациите во грамотите на Константин Асен и на Милутин оставаат простор за двоумење околу местоположбата на манастирот, не би можело да се негира дека Гази Баба, исто така, била спроти скопскиот град, па и над Серава, сеедно што растојанието од неа било 850 метри. Освен тоа, во светлината на гореизнесеното, сосема е депласиран вториот аргумент на кој очигледно К. Петров многу сериозно инсистира. Имено, барем во првите векови на турското владеење, а веројатно и подоцна, на Гази Баба е неспорно присуството, не само на христијански гробишта, туку и на живеалишта. И уште нешто, што не мора но може да значи извесно укажување на можноста манастирот Св. Георги – Горг да се наоѓал на Гази Баба. Имено, Хаџет Тепе е барем стотина години постар назив од Гази Баба за големото брдо спроти скопското Кале, од левата страна на Серава.[14] Тоа име во себе крие многу карактеристично значење: „Тепе на кое изговорената молитва, се верува, ќе биде прифатена".[15] Дали ваквата функција на подоцнешната Гази Баба не стои во врска со традиционалната светост на овој локалитет, здобиена токму поради присуството на манастирот Св. Георги – Горг во неговите па-

[11] Константин Петров, Грамотите на манастирот Св. Георги Горгос и обид за изнаоѓање на неговиот локалитет, Споменици..., I, 242-247.

[12] Истото, 246.

[13] Истото, 244.

[14] Името Гази Баба е искривено од Кади (Кази) Баба, добиено по Мевла Челеби Халеби, т.е. Мевла Ашик Челеби, кој бил скопски кадија. Умрел меѓу 8 и 16 јануари 1572 г. во Скопје и погребан во истоименото турбе (Evlija Celebi, Putopis, Sarajevo, 1979, 289, fus. 67).

[15] Büyük Lugat ve Ansiklopedisi, Bešinci cilt, Istanbul, 1971,492 (Meydan-Larousse, 5, Paris, 1960).

зуви? Во секој случај, оваа стара претпоставка заслужува да поттикне соодветни археолошки и други истражувања.[16]

2. К а м е н и к. — И овој топоним се споменува двапати, едно по друго, во Милутиновата грамота: „Нива на *Медведица* од 10 погони до... и до патот што води во *Каменик*. Нивата од патот што оди преку *Клетовник*, а долу до патот што води во *Каменик и Пшинин.* "[17]
Веќе видовме дека В. Мошин претпоставува оти целиот овој комплекс се наоѓал во пределот источно од градските ѕидини.[18] Додека К. Илиевска објаснува: „Ова место би требало да се наоѓа во околината на Скопје. Над с. Синѓелиќ има брдо Каменик-Камник, а во негова близина месност со исто име која се протега од Бутел кон Скопје, од северната страна. Меѓу селата Сопиште и Солње има исто така месност Каменик. Поради недостиг на поблиски податоци бараното место не би можеле да го идентификуваме со ниту едно од едноимените локалитети."[19]

Бидејќи со претходната идентификација на топонимот Клетовник добивме точен ориентир, сега со голема сигурност може да се тврди дека е во прашање брдото Каменик над с. Синѓелиќ (ден. населба Ченто), бидејќи патот што водел кон Каменик бил *долу* од патот што одел преку Клетовник.

3. Р е к о м а. — Овој топоним се наоѓа во истиот комплекс со претходните два. Во грамотата се вели: „Нива во *Рекома* до кладенецот и до меѓникот (чурак) меѓу патиштата."[20]

К. Илиевска се двоуми дали е во прашање топоним: „се чини дека е топоним, но според контекстот може да се даде и поинакво објаснување..." Претполагаме дека разгледуваната форма би требало... да означува „нива покрај речените (споменатите) определби" т.е. да се однесува на месноста Бутел покрај Агатија и врвот на брдото. Одредбите кои се повторуваат: „между поути" и „мегју поутми" ја потврдуваат оваа претпоставка".[21]

Настрана што последнава претпоставка не е убедлива, Рекома сепак е топоним, бидејќи на теренот, токму меѓу Клетовник и Каменик, до најново време постоеше реон наречен *Рукомија.*[22] Нема причина за сомневање дека тој локалитет не е идентичен со Рекома. Разликата во имињата е незначи-

---

[16] Да го приведеме овде и мислењето за местоположбата на Виргино Брдо на Томо Томоски, несомнено еден од најпознати теренски истражувачи на нашите средновековни градови и тврдини. Цитирајќи го кажувањето на турскиот хроничар Ибн Кемал (1468-1534) за турското освојување на Скопје, Т. Томовски заклучува: „Црквата што ја споменува Ибн Кемал бездруго е идентична со црквата на манастирот Св. Георги - Горг, кој, според грамотата, бил лоциран на брдото наречено Вергин, спроти градот Скопје. Локалитетот се протега на ридот Гази Баба околу зградата на Природно-математичкиот факултет и култното место К'з Крали ( Томо Томоски, Како топонимот Манастир се наложил за втор назив на градот Битола", Годишен зборник на Филозофскиот факултет, 19(45), Скопје, 1992, 94,забел. 9).

[17] Споменици..., I, 144 и 217.

[18] Истото, 144.

[19] К. Илиевска, цит. дело, 85-86.

[20] Споменици..., I, 144 и 217.

[21] К. Илиевска, цит. дело, 133.

[22] Топографска карта, секција Куманово-Скопје, размер 1:100.000, репродуцирана и дополнета 1949 година.

телна, а познато е дека со текот на времето слични трансформации се случувале и кај други топоними.

4. К о з а р е в о. — Овој топоним, всушност, е исчезнато село кое, според грамотите на царот Константин Асен и на кралот Милутин, на манастирот Св. Горг му било стар подарок од царот Диоген, заедно со манастирот Св. Јован Златоуст и со селата Барово и Винско.[23]

Идентификација на селото била предмет на истражување од неколку автори. Тие се доближиле до решението, но сепак, прашањето останало докрај нерешено. К. Илиевска дава концизен приказ на резултатите од тие истражувања. Таа укажува дека Р. Груиќ упатува дека селото опустело, а неговото име и денес го носи дел од говрлевската општина меѓу Патишка и Маркова Река, на западната страна на Водно, јужно од некогашните заселоци Барово и Синско (Осичани). Ј. Трифуноски, пак, наоѓа дека Козарево има и во атарот на с. Раович, на падините на Осој. Сепак, подолу ќе се види дека А. М. Селишчев е најблиску до решението. Тој, како што наведува К. Илиевска, барајќи го *с. Нир*, „стигнува до интересен заклучок дека с. Нир се наоѓало на Треска“ и дека „во неговиот реон се наоѓал манастирот Св. Никола кај с. Шишево“. Поточно, врз основа на еден запис од XVII или XVIII век, Селишчев заклучил дека „Козарево се наоѓало во Нирско, а Нир бил над Треска, таму каде што се наоѓа шишевски манастир Св Никола“.[24]

Дека А. Селишчев дошол, не само до интересен, туку и до доста точен заклучок, одново се потврдува од неизбежните турски документи. Во објавениот турски попис од 1568/69 година, меѓу другите, регистрирано е и селото Нир, кое тогаш имало само 3 семејства и 1 неженет (или самец). И она што во случајов е особено важно, во годишниот приход од селото (вкупно 1 400 акчиња), што му припаѓал на спахијата Ибрахим со содружниците, биле вклучени и 210 акчиња на име десеток од шира што ја давал манастирот Свети Никола.[25] Значи, точно е дека во близина на манастирот Св. Никола, кој и денес постои над десниот брег на р. Треска, наспроти манастирот Св. Андреја, крај левиот брег на истата река, се наоѓало исчезнатото село Нир. А што се однесува за исчезнатото село Козарево, сега со сигурност може да се тврди дека тоа се наоѓало само на еден километар југоисточно од манастирот Св. Никола и на неполни два километра северозападно од с. Света Петка. Токму таму постои истоимена месност.[26] Инаку, и Козарево е регистрирано во пописите од XV и XVI век, кога бројот на семејствата му се движеле од 3 до 5 семејства.[27] Значи, уште тогаш и двете села (Нир и Козарево) биле на пат да исчезнат.

---

[23] Споменици..., 182, 195,206 и 218.

[24] К. Илиевска, цит. дело, 90-91.

[25] Турски документи..., VI/1, Скопје, 1984. Селото Нир ( без манастирот) регистрирано е и во пописите од претходниот, XV век (Турски документи..., III, 242: Турски документи... Опширен пописен дефтер No 4, 493, каде погрешно е идентификувано со с. Нерези.

[26] Топографска карта, секција Матка, размер 1: 25000, дополнета во 1972 година. Приближно на истото место го означува и Јован Трифуноски (Слив Маркове Реке, посебни изданија на Филозофскиот факултет, кн. 7, Скопје, 1958, 146-147).

[27] Турски документи..., Опширен пописен дефтер No 4, 477 ; III, 253 ; VI/1, 225-226.

5. Ракита и Дабница. — Овие два топонима, т.е. села (селишта) во грамотите на царот Константин Асен и на кралот Милутин се споменуваат заедно, што само по себе наведува на теренот да се бараат едно покрај друго.[28]

Меѓутоа, во обидите за нивната идентификација се дошло до погрешни претпоставки. Поаѓајќи од тоа дека двете села во Константиновата грамота доаѓаат на местото по овчеполскиот Јован Богослов, В. Мошин претпоставува дека тие се наоѓале во Овче Поле.[29] Малку поинакво е мислењето на К. Илиевска: „Во Константиновата грамота селото /*Ракиша*/ се споменува по Бистрица во Бабуна и метохот Богословец кое нè наведува на претпоставка дека селото се наоѓа во централна или источна Македонија, или, помалку веројатно, да го идентифицираме со с. Ракитац кај Радовиш... П. Петров... смета дека селото треба да се бара во Прилепско, зашто с. Дабница кое се споменува покрај ова, тој го идентификува со едноименото село северно од Прилеп. Во трескавечкиот кодик се споменува Раките (во запис од XVIII в.) кое се наоѓа недалеку од тиквешкото с. Вешје. Во реонот на тоа село се наоѓа и селиштето Ракито или Ракето...“[30] Меѓутоа, што се однесува за Дабница (Дубница), К. Илиевска е поопределена: „Ние сме на мнение дека бараното село се наоѓа по северно, може би дури во пошироката околина на Скопје.“[31]

Очигледно, најголеми двоумења предизвикала погрешната претпоставка дека грамотите ги лоцираат селата во Овчеполието. За тоа, сепак, нема никакви вистински укажувања. Несфатливо е зошто не се обрнало поголемо внимание на единствениот неспорен податок – на постоењето на топонимот *Ракишо или Ракешо*. К. Илиевска знае за него, но останува без коментар. А за него Воислав Радовановиќ пишува: „На селиштето Ракето (некогаш и ’Ракито‘) има црква Св. Димитрија... крај црквата ’гробиште‘. Селиштето е пространо; се раскажува дека ... имало триста куќи. До 1890 год. сеуште имало 12 куќи, а тогаш запустело.“[32] На приложената карта авторот го означил местото на исчезнатото село, југоисточно од с. Вешје. Селото е регистрирано и во турскиот попис од 1573 година, под името *Ракеша,* кога имало 71 семејство, 60 неженети и 2 вдовици.[33] Но тоа не е сè! Во непосредна близина на ова исчезнато село, на четири километри југозападно од него, се наоѓа с. *Дабнишше*, што секако треба да се идентификува со селото (односно селиштето) *Дабница* од грамотите на манастирот Св. Георги – Горг. И ова село е регистрирано во споменатиот турски попис од 1573 година, под името Дабниште или Дабништа, кога имало 22 семејства и 21 неженет.[34] Останува да се утврди кога и зошто името на селото од Дабница (Дубница) преминало

[28] Споменици..., 194 и 221.

[29] Истото, 133,136, 182.

[30] К. Илиевска, цит дело, 131.

[31] Истото, 70

[32] Војислав С. Радовановић, Тиквеш и Рајец, СКА, Насеља и порекло становништва, књ. 17, Београд, 1924, 325.

[33] Турски документи..., V/3, Скопје, 1982, 432-434.

[34] Истото, 480-481.

во Дабниште (Дабништа). Но, да се надеваме дека после сето ова, прашањето за идентификацијата на овие две села веќе нема да се поставува.

6. Г о с т о в ш а. — Овој топоним, односно село се споменува само во грамотата на кралот Милутин, на следниов начин: „Село *Гостовша* со црквата, лозјата, нивите, сенокосите, забелите и со сите правини.“[35]

При утврдувањето на местоположбата на ова село, В. Мошин ја прави истата грешка како и со претходните две села. Тргнувајќи од текстот во грамотата што претходи на овде цитираниот, а во кој Милутин му го потврдил на манастирот Св. Георги – Горг *селото Бистрица на Бабуна*, тој и Гостовша го смета за село во Бабуна![36] Меѓутоа, таквата постапка и овој пат нема реални основи и ќе се покаже неточна. Неспорно е дека с. Бистрица е, како што стои во грамотата, „во Бабуна“, што ќе рече во пределот Бабуна, а не „на Бабуна“, што би можело да значи на р. Бабуна, а што, не би било сосема точното, со оглед на местоположбата на селото.

Сепак, многу позначајно е што, одново со помош на турските документи и на топографските карти може да се реши прашањето за идентификацијата на ова исчезнато село. Имено, во турските пописи од XV и XVI век регистрирани се селата *Горно и Долно Костовиште (Гостовиште) или Костовица (Гостовица).*[37] Во настојување за неговата убикација, се покажа дека северозападно од велешкото с. ’Рлевци, на околу 4-5 километри од него се наоѓа месноста *Гоставуша.*[38] Несомнено, идентична со *Гостовша* од грамотата. Останува енигмата како месноста го задржала, со незначителна разлика, изворното (старото) име, додека селото значително го изменило. Селото очигледно нараснувало, се делело, а со тоа и се поместувало, па притоа претрпело мала трансформација во името, но местото на првобитната местоположба го сочувало старото име. Тоа би било едно од можните објаснувања. Како и да е, во случајов е најбитно дека сега е пронајдена местоположбата на уште едно исчезнато село од имотот на скопскиот манастир Свети Георги – Горг.

На крајот од овој мал топономастички оглед, мора да се каже дека ова макотрпна работа бара големо внимание, прецизност, искуство, добар увид во соодветните помагала, па и теренски испитувања, иако за нив времето прилично одминало. Она што овој прилог посебно ни открива или да не бидеме претенциозни, ни потврдува, тоа е неизбежната потреба од консултација на турската изворна документација за ваков и за сличен вид истражувања. Особено сега, кога кај нас публикациите со документи од тој фонд постојано се зголемуваат.

---

[35] Споменици..., 132 и 229.

[36] Истото, 132, 136, 159, 207.

[37] Турски документи..., II, 40, 59: No 4, 172, 188;VII/2, Скопје,1999,480, 498.

[38] Топографска карта 1; 25000, секција Чашка, дополнета 1971, печатена 1978 година.

Aleksandar STOJANOVSKI

## SUR QUELQUES TOPONYMES MENTIONNES DANS LES CHARTES IMPERIALES DU MONASTERE SAINT GEORGES–GORG

(R é s u m é)

Dans ce traité toponomastique l'auteur essaye d'éclaircir quelques toponymes mentionnés dans les chartes impériales (chryssobules) du XIIIe et XIVe siècles, données au monastère Saint Georges – Gorg, ainsi que de préciser leur emplacement. Il s'agit, en fait, de six toponymes, à savoir: Kletovnik, Kamenik, Rekoma, Kozarevo, Rakita, Dabnica et Gostovša. Grâce à la documentation authentique turque du XVe et XVIe siècles et aux cartes topographiques où ces toponymes sont également mentionnés, on est arrivé a résoudre la question d'identification de quelques-uns de ces toponymes et de donner, pour quelques-uns d'autres, de sérieux arguments qui susciteront des recherches ultérieures tant archéologiques que d'autres.